IB DIPLOMA PROGRAMME
PROGRAMME DU DIPLÔME DU BI
PROGRAMA DEL DIPLOMA DEL BI



# MACEDONIAN A1 – HIGHER LEVEL – PAPER 1
# MACÉDONIEN A1 – NIVEAU SUPÉRIEUR – ÉPREUVE 1
# MACEDONIO A1 – NIVEL SUPERIOR – PRUEBA 1

Monday 10 May 2004 (afternoon)
Lundi 10 mai 2004 (après-midi)
Lunes 10 de mayo de 2004 (tarde)

2 hours / 2 heures / 2 horas

---

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a commentary on one passage only.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- Ne pas ouvrir cette épreuve avant d'y être autorisé.
- Rédiger un commentaire sur un seul des passages.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un comentario sobre un solo fragmento.

Коментирајте ЕДЕН од следниве:

1(a) “Словенска антитеза”

Дали ветер се дигна над морето под небото
Дали ветер се вратија и топлите времиња
Дали јазикот се поднови и смислата
Или мигновите богови збор зедоа и загина.

И душата ми ја изнесоа на отворено
Како разговор во акропол
Да не смее да виде сама
А да сака.

Ниту ветер се дигна над морето под небото
Ниту птиците се вратија ни топлите времиња
Ниту јазикот се поднови ни смислата
Ни мигновите богови збор зедоа ни загинаа.

-Предеметите, луѓето и соништата безобѕирни
Просторот и горчината да ги размножат
Како разговор на акропол
Та да не смее да биде сама
А да сака,

Но
Мислата ми се воздигна
Кога те видов.

од Катица Ќулавкова од Нашиот Согласник, 1981

1(b) Извадок од “Куќа во Солун”:

Нашата населба е на многу чудно место. Во една голема длапка меѓу три рида. На најнискиот се турските, на вториот се еврејските гробишта, а на највисокиот врв му е зарамнет ко тепсија и тука може да се постави џиновска вазна во чест на богот на височините. Оттука се гледа Пелагонија и може да се насети мирисот на Егејот. Уште како деца, на еврејските игравме фудбал меѓу гробовите, зиме се лизгавме со штички откорнати од бочвите а лете се мечувавме со стапчиња сечени од забелот што густ и зелен нè доеше со чист воздух и спокој. Асфалтната уличка беше пуста. Одев јас напред, а Аврам по мене небаре мал расплакан кошмар недозволено висок и исправен како климастар; со глава, ми се чини, го допираше покривот на ноќта и се закануваше, при најмала возбуда, да потскокне и да го дупне. Полноќ беше заминат, по глувотијата познав, по штотуку замрениот шепот на вештерките од аглите на ноќта. Ја минавме коријата од јасени и избивме пред скалестиот ѕид што го означуваше синорот на гробиштата. Ѕидот се извиваше нагоре како што растеше ридот и нешто пред врвот вртеше десно и така, скоро по рамно, продолжуваше едно стотина метри а потоа завиваше десно, надолу се спушташе по голото теле на ридот до подножјето на кое сега, само стотина метри отспротива, стоевме ние. На времето се случувало од бес, од клокотот на младоста можеби, да ги искачуваме скаличките од ѕидот, една по една, и целиот круг околу еврејските да го направиме за десетина минути.

„Качувај се!“ му реков и без да чекам, малку се поднаведнав, ги сплотив прстите од надолу испружените раце а Аврам згазна врз нив речиси автоматски оти тој зафат беше вежбан и практикуван години наназад. Потоа се исправи какочен на ѕидот. „Дај ми рака!“ реков. Кога и јас се качив, скокнавме од другата страна и се најдовме во еврејските гробишта.

Месечината што ѕиркаше меѓу приштот од врвот на ридот го осветлуваше сенишниот простор пред нас начичкан со стотици надгробни плочи обраснати во тревје. Илјадници судбини џагореа во темницата, безброј за нас непознати бивши сограѓани, господа, велат, што му давале шарм и достоинство на Широк сокак и чаршијата. „Денес нема жив евреин во Битола!“ реков повеќе за себе додека одевме по плочите оти патчињата меѓу нив беа темни и во расје, можеше некој поган да не гризне, некој недопрободен вампир да не зграпчи.

од расказот “Куќа во Солун” од Драги Михаиловски, Тајна Одаја, 2000